Непосредно до планските опфати има непостојани водотеци за кој е изготвен Основен проект за Фотонапонска централа (ФНЦ) Неготино - Хидрологија на водотеци со тех. бр.Е010_03/24, Март 2024 изработена од ХИКОНС-Скопје. За нив е направена хидролошка пресметка каде е земен влезен параметар на 50 годишна вода. Рецепиентот на непостојните водотеци е реката Вардар. За одредување на големите води направена е пресметка по методот на проф.Д.Сребреновиќ.

Планскиот опфат 1 (градежна парцела 1.1.1.1 - дел од КП 3038/1, КО Неготино) се граничи со 4 планирани регулации на непостојани водотеци.

Првиот водотек поминува на југоисточна страна од опфатот.Тој нема сопствена катастарска парцела.Неговата должина е 710,35м.

Вториот водотек поминува на југоисточна страна над водотек 1 на КП 4167, КО Неготино. Неговата должина е 342,70м.

Третиот водотек поминува во средишниот дел од опфатот над водотек 2 на КП 4166, КО Неготино. Неговата должина е 530,90м.

Четвртиот водотек поминува во горниот - северен дел од опфатот на КП 4165, КО Неготино. Тој има три подслива, низ кои поминуваат водотеците 4.1, 4.2 и 4.3.

Главен собирен водотек 4 - Неговата должина е 93,19м.

Водотек 4.1 - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 4 е 395,10м.

Водотек 4.2 - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 4 е 376,75м.

Водотек 4.3 - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 4 е 238,54м.

Планскиот опфат 2 (градежна парцела 2.2.1.1 - дел од КП 3099/1, КО Неготино) се граничи со 3 планирани регулации на непостојани водотеци.

Првиот водотек поминува на североисточна страна од опфатот на КП 4161, КО Неготино. Тој има два подслива.

Главен собирен водотек 1

Неговата должина е 247,33м.

Водотек 1.1 - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 1 е 370,80м.

Водотек 1.2 - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 1 е 198,0м.

Вториот водотек поминува на источна страна од планскиот опфат на КП 4162, КО Неготино. Неговата должина е 209,3м.

Трвиот водотек поминува во долниот јужен дел од планскиот опфатот на КП 4163, КО Неготино. Тој има два подслива.

Главен собирен водотек 3

Неговата должина е 377,60м.

Водотек 3.1 - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 3 е 469,46м.

Водотек 3.2 - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 3 е 732,26м.

Планскиот опфат 3 (градежна парцела 3.3.1.1 - дел од КП 3135/1, КО Неготино) се граничи со 2 планирани регулации на непостојани водотеци.

Првиот водотек поминува на североисточна страна од опфатот на КП 4174, КО Неготино. Неговата должина е 347,26м.

Вториот водотек

Тој има два подслива.

Главен собирен водотек 2

Неговата должина е 142,97м.

Водотек 2.1 - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 2 е 329,25м.

Водотек 2.1 - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 2 е 209,11м.

Предвидената моќност на фотоелектричната централа е ~ 99 MW. Приклучувањето на фотоволтаичните електрани на преносната мрежа на АД МЕПСО се планира со 110 kV далекуводна врска (која ќе се испланира со друга урбанистичко планска/проектна документација) од планираната ТС 35/110 kV ФЕЦ Неготино (која ќе се испланира со друга урбанистичко планска/проектна документација) до ТС 110/400 kV Дуброво за кое од АД МЕПСО има Прелиминарна согласност за приклучување на електропреносна мрежа (бр. 11-1756/1 од 21.02.2024). Кабелската врска помеѓу трите плански опфати односно планираните градежни парцели наменети за Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани и планираната ТС 33/110 kV ФЕЦ Неготино (ќе се испланира со друга урбанистичко планска/проектна документација).

Фотоелектричната централа ќе произведува електрична енергија директно од сончевото светлинско зрачење (фотоелектричен ефект). Добиената електрична енергија од фотоволтаичните панели е со еднонасочен напон. Истиот преку соодветни претворачи (т.н. инвертори) се претвора во наизменичен напон и се дистрибуира. По оваа трансформација електричната енергија ќе се испорачува во електродистрибутивната мрежа.

Фотоволтаичните панели може да бидат поставени на метални конструкции кои треба да бидат соодветно заштитени најчесто со процес на галванизација како и комбинација на алуминиумска и метална конструкција. Начинот на монтажа може да биде на бетонски фундаменти како и со набивање на галванизираните челични профили во земја.

Сите електрични врски на фотоволтаичните панели ќе се изведат со кабелски врски. Каблите ќе бидат поставени во соодветни кабелски канали и ќе се водат до команден орман а инверторите во зависност од проектот може да се постават на самата конструкција или пак во соодветна просторија.

Технолошкиот процес на производство на електрична струја преку соларни панели не бара секојдневно присуство на вработени, но секако се планира вработувања како централата би добила соодветно одржување.

Атмосферската вода ќе се одведува во градежната парцела.

Предвидено е целиот простор околу фотоелектрчната централа да биде ограден.

Со донесување на планот земјиштето добива статус на градежно земјиште.

Во граници на градежната парцела се планира зеленило 20% согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр.42/20).

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

6.1 НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА

Површина на плански опфати на ниво на УППГДЗ

Планскиот опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино).....61.01ха (45%)
Планскиот опфат 2 (дел од КП 3099/1, КО Неготино).....47.07ха (35%)
Планскиот опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино).....27.39ха (20%)
ВКУПНО ПЛАНСКИ ОПФАТИ 135.47ха (100%)

6.1.1 Намена на земјиште на ниво на плански опфат

ИНФРАСТРУКТУРА (Е)..... 135,47 ха (100%)
Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи 135,47ха (100%)

- Плански опфат 1 ≡ Блок 1 ≡ градежна парцела 1.1.1.1 61.01 ха
- Плански опфат 2 ≡ Блок 1 ≡ градежна парцела 2.2.1.1 47.07 ха
- Плански опфат 3 ≡ Блок 1 ≡ градежна парцела 3.3.1.1 27.39 ха

ВКУПНО ПЛАНСКИ ОПФАТИ 135,47 ха

6.1.2 Урбани параметри по намена на земјиште и градби

Нумерација на градежна парцела :
Првиот број е нумерација на плански опфат, вториот број е нумерација на блок, третиот број е нумерација на парцела.
Во граници на рамковната површина за градба (која е презентирана во графичките прилози) дозволена е површина на земјиште под градба мах 80% од површината на градежната парцела.

Градежна парцела 1.1.1.1
Основна класа на намена
Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи
Комплементарна намена

- Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
- Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,
- Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,
- Е1.8 – трансформаторски станици.

Урбани параметри

- Површина на градежна парцела 610 107 м²
- Површина на земјиште под градба 488 086 м²
- Вкупно изградена површина 488 086 м²
- Процент на изграденост на ниво на градежна парцела 80%
- Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела 0,80
- Катност П
- Висина на градење (мах) 12,0м

Градежна парцела 2.2.1.1
Основна класа на намена
Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи
Комплементарна намена

- Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
- Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,
- Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,
- Е1.8 – трансформаторски станици.

Урбани параметри

- Површина на градежна парцела 470 673 м²
- Површина на земјиште под градба 376 538 м²
- Вкупно изградена површина 376 538 м²
- Процент на изграденост на ниво на градежна парцела 80%
- Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела 0,80
- Катност П
- Висина на градење (мах) 12,0м

Градежна парцела 3.3.1.1
Основна класа на намена
Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи
Комплементарна намена

- Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
- Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,
- Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,
- Е1.8 – трансформаторски станици.

Урбани параметри

- Површина на градежна парцела 273 884 м²
- Површина на земјиште под градба 219 107 м²
- Вкупно изградена површина 219 107 м²
- Процент на изграденост на ниво на градежна парцела 80%
- Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела 0,80
- Катност П
- Висина на градење (мах) 12,0м

Урбани параметри на ниво на плански опфат

Површината на планскиот опфат 1 354 664 м²
Површина под објект 1 083 731 м²
Вкупно изградена површина 1 083 731 м²
Процент на изграденост 80%
Коефициент на искористеност К=0,80

- Катност П
- Висина на градење (мах) 12,0м

Зеленило – Во граници на градежните парцели се планира 20% од површината да биде наменета за зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр.42/20).

За секоја градежна парцела ќе се изработи Урбанистички проект согласно член 58, став 2 од Законот за урбанистичко планирање(Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25)

6.2 СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И НИВЕЛАЦИСКО РЕШЕНИЕ

Моторен сообраќај

Согласно податоците од ***Јавно претпријатие за државни патишта на РСМ (бр.10-12203/2 од 15.12.2023, бр.10-12212/2 од 15.12.2023 и бр.10-12209/2 од 15.12.2023)*** планските опфати не граничат со државен пат.

Сообраќајно поврзување на планираните градежни парцели со мрежата на државни патишта е предвидено преку некатегоризирани патишта, согласно Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.1- сообраќајни патни инфраструктури (некатегоризиран пат) и Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија (20(33)КВ кабли) во КО Неготино – општина Неготино (потврда за одобрување од општина Неготино бр. 11-994/12 од 05.12.2025 година)

Паркирање

Паркирањето на моторните возила се предвидува да се решава во градежните парцели.

Железнички сообраќај

Согласно податоците од ***Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на РСМ-Скопје (бр.2001-5893/2 од 14.12.2023, бр.2001-5940/2 од 19.12.2023 и бр.2001-5941/2 од 19.12.2023)*** планскиот опфат 1 и плански опфат 2 се граничат со железничката пруга Велес-Гевгелија.

Согласно член 59 од Законот за железнички систем (Сл. Весник на РМ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и Службен весник на РСМ бр. 302/20

(1) Во заштиниот појас на железничката пруга можат да се градат згради и други објекти и да се поставуваат постројки и уреди врз основа на одобрение под следните услови:

2) во населени места и на земјиштето од точка 1 на овој став може да се одобри изградба на станбени, деловни, помошни и слични згради, копање бунари, резервоари, септички јами и слично, подигање на електрични далноводи во заштитниот појас покрај железничката пруга, но не поблиску од 25м сметајќи од оската на крајните колосеци.

(2) Одобрението од став(1) на овој член го издава управителот на инфраструктура

Во граница на планските опфат 1 и 2 планиран е заштитен коридор од 25м во кој несмеат да се градат градби.

Воздушен сообраќај

Согласно податоците доставени од Агенцијата за цивилно воздухопловство ***(бр.12-8/1706 од 11.12.2023,бр.12-8/1723 од 12.12.2023 и бр.12-8/1709 од 11.12.2023)*** во граници на трите плански опфати нема објекти, инсталации , уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а планираните објекти не преставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

6.3 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

6.3.1 Хидротехничка инфраструктура

Согласно податоците доставени од ***ЈП ,,Комуналец"Никола Карев (бр.УП I 08-05/2 од 26.02.2024, бр.УП I 08-07/2 од 26.02.2024 и бр.УП I 08-06/2 од 26.02.2024)*** на посочените опфати **не постои** инфраструктура, водовод и канализација од доменот на владение и одржување на ЈП ,,Комуналец" – Неготино

Водоводна мрежа

За технолошкиот процес на производство на електрична струја преку соларни панели нема потреба од водоснабдување.

За објектите кој ќе се изградат за престој на вработените ќе се користи бунарска вода за санитарни потреби.

За пиење ќе се користи флаширана вода.

Фекална канализација

За технолошкиот процес на производство на електрична струја преку соларни панели нема потреба од водоснабдување со што нема ни отпадни води кој треба да се дистрибуираат.

За објектите кој ќе се изградат за престој на вработените ќе се испланира непропусна септичка јама или пречистителни станици со попивателни бунари.

Атмосферска канализација

Атмосферската вода се одведува во градежните парцели.

Во граници на планските опфати согласно податоците добиени од ***АД Водостопанство на РСМ - Скопје (бр.11-2817/2 од 1.04.2024, бр.11-2819/2 од 1.04.2024 и бр.11-2818/2 од 1.04.2024)*** *за У*рбанистички план за подрачје и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1, 3135/1, КО Неготино – општина Неготино, **нема свои објекти и инфратсруктура.**

На основа на доставениот Основен проект за Фотонапонска централа (ФНЦ) Неготино - **Хидрологија на водотеци** со тех. бр.Е010_03/24, Март 2024 изработена од ХИКОНС-Скопје утврдено е дека до трите плански опфати има непостојани водотеци. За нив е направена хидролошка пресметка каде е земен влезен параметар на 50 годишна вода. Рецепиентот на непостојните водотеци е реката Вардар. За одредување на големите води направена е пресметка по методот на проф.Д.Сребреновиќ.

Планскиот опфат 1 (градежна парцела 1.1.1.1 - дел од КП 3038/1, КО Неготино) се граничи со 4 планирани регулации на непостојани водотеци.

Првиот водотек поминува на југоисточна страна од опфатот.Тој нема сопствена катастарска парцела.Неговата должина е 710,35м. Има максимален проток од 0,85(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,8м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,45м и надвишување од t=0,25м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,15м, а ширината при круната Bo=2,90м.

Вториот водотек поминува на југоисточна страна над водотек 1 на КП 4167, КО Неготино. Неговата должина е 342,70м. Има максимален проток од 0,69(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,7м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,43м и надвишување од t=0,17м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,00м, а ширината при круната Bo=2,5м.

Третиот водотек поминува во средишниот дел од опфатот над водотек 2 на КП 4166, КО Неготино. Неговата должина е 530,90м. Има максимален проток од 0,60(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,7м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,40м и надвишување од t=0,20м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=1,90м, а ширината при круната Bo=2,50м.

Четвртиот водотек поминува во горниот - северен дел од опфатот на КП 4165, КО Неготино. Тој има три подслива, низ кои поминуваат водотеците 4.1, 4.2 и 4.3.

Главен собирен водотек 4

Неговата должина е 93,19м.Има максимален проток од 0,96(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,8м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,48м и надвишување од t=0,22м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,24м, а ширината при круната Bo=2,90м.

Водотек 4.1

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 4 е 395,10м. Има максимален проток од 0,28(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,4м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,33м и надвишување од t=0,17м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=1,39м, а ширината при круната Bo=1,90м.

Водотек 4.2

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 4 е 376,75м.Има максимален проток од 0,56(м³/сек).Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,4м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,33м и надвишување од t=0,17м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=1,39м, а ширината при круната Bo=1,90м.

Водотек 4.3

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 4 е 238,54м.Има максимален проток од 0,25(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,4м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,31м и надвишување од t=0,19м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=1,33м, а ширината при круната Bo=1,90м.

Планскиот опфат 2 (градежна парцела 2.2.1.1 - дел од КП 3099/1, КО Неготино) се граничи со 3 планирани регулации на непостојани водотеци.

Првиот водотек поминува на североисточна страна од опфатот на КП 4161, КО Неготино. Тој има два подслива.

Главен собирен водотек 1

Неговата должина е 247,33м. Има максимален проток од 0,55(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,6м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,40м и надвишување од t=0,22м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=1,80м, а ширината при круната Bo=2,40м.

Водотек 1.1

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 1 е 370,80м. Поради малата сливна површина усвоена е конструктивно регулација со трапезно корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,4м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,31м и надвишување од t=0,19м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=1,33м, а ширината при круната Bo=1,90м.

Водотек 1.2

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 1 е 198,0м. Поради малата сливна површина усвоена е конструктивно регулација со трапезно корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,4м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,31м и надвишување од t=0,19м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=1,33м, а ширината при круната Bo=1,90м.

Вториот водотек поминува на источна страна од планскиот опфат на КП 4162, КО Неготино. Неговата должина е 209,3м. Поради малата сливна површина усвоена е конструктивно регулација со трапезно корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,4м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,31м и надвишување од t=0,19м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=1,33м, а ширината при круната Bo=1,90м.

Трвиот водотек поминува во долниот јужен дел од планскиот опфатот на КП 4163, КО Неготино. Тој има два подслива.

Главен собирен водотек 3

Неговата должина е 377,60м. Има максимален проток од 1,89(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=1,0м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,63м и надвишување од t=0,27м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,89м, а ширината при круната Bo=3,70м.

Водотек 3.1

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 3 е 469,46м. Има максимален проток од 0,63(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,7м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,41м и надвишување од t=0,19м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=1,93м, а ширината при круната Bo=2,50м.

Водотек 3.2

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 3 е 732,26м. Има максимален проток од 1,31(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,8м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,56м и надвишување од t=0,24м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=2,48м, а ширината при круната Bo=3,20м.

Планскиот опфат 3 (градежна парцела 3.3.1.1 - дел од КП 3135/1, КО Неготино) се граничи со 2 планирани регулации на непостојани водотеци.

Првиот водотек поминува на североисточна страна од опфатот на КП 4174, КО Неготино.

Неговата должина е 347,26м.Има максимален проток од 0,38(м³/сек). Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,5м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,35м и надвишување од t=0,25м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=1,55м, а ширината при круната Bo=2,30м.

Вториот водотек

Тој има два подслива.

Главен собирен водотек 2

Неговата должина е 142,97м.Има максимален проток од 0,49(м³/сек).Планирана е трапезна форма на корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,6м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,38м и надвишување од t=0,22м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=1,74м, а ширината при круната Bo=2,40м.

Водотек 2.1

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 2 е 329,25м.Меродавна количина на голема вода би изнесувала 0,25(м³/сек). Усвоена конструктивно регулација е трапезно корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,31м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,31м и надвишување од t=0,19м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=1,33м, а ширината при круната Bo=1,90м.

Водотек 2.1

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 2 е 209,11м. Меродавна количина на голема вода би изнесувала 0,25(м³/сек). Усвоена конструктивно регулација е трапезно корито со наклон на косини м=1,5 и димензии во основа b=0,31м, кое при максимално ниво на голема вода има висина h=0,31м и надвишување од t=0,19м. Ширината при мах водно огледало би изнесувал B=1,33м, а ширината при круната Bo=1,90м.

6.3.2 Електроенергетска инфраструктура

Согласно податоците доставени од ***АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ (бр.08-7832/3 од 26.12.2023, бр.08-513 од 25.01.2024 и бр.08-521 од 25.01.2024)*** **во граница на планските опфати** планиран е заштитен крајбрежен појас за акомулации кој се планирани со Префизибилити студијата за Вардарска долина изработена 2017г. Планирани се локации на ХЕЦ Криволак 2, ХЕЦ Дуброво 1, ХЕЦ Дуброво 2, ХЕЦ Дуброво 3. Согласно вообичаената процедура за развој на еден проект, после изработката на Префизибилити студијата треба да следи изработка на Физибилити студија за проектот, при што е возможна промена на микролокациите на четри ХЕЦ.

Во граници на планскиот опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино) и планскиот опфат 2 (КП 3099/1, КО Неготино) котата на висока вода на ХЕ Дуброво 2 е 116мнв. Во графичките прилози презентирана е границата на крајбрежниот појас од 50м на планирана акомулација Дуброво 2.

- **ХЕ Дуброво 2**

Преградата на ХЕ Дуброво 2 е лоцирана на Gaus-Kruger кординати

X=4594718

Y=7595185

Кота на висока вода на ХЕ Дуброво 2 е 115,7мнв, а на ниска вода е 111,7 мнв што е истовремено и нормална проектна кота на следната ХЕ Дуброво 3.

Конструктивна висина на браната 19,5м

Вкупна должина на круната на браната 225м

По изработка на Физибилити студија и основен проект пред изградба на акомулациите инвеститорот е должен да ги дислоцира своите градби од крајбрежен појас на акомулациите.

Во граници на планските опфати согласно податоците добиени од ***МЕПСО (бр.11-7525/1 од 14.12.2023, бр.11-7521/1 од 14.12.2023 и бр.11-7521/1 од 14.12.2023):***

- во граници на плански опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино)нема сопственост на објекти на МЕПСО.
- во граници на плански опфат 2 (дел од КП 3099/1, КО Неготино) постои 110kV и 400 kV далновод.
- во граници на плански опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино) постои 110kV далновод.

Согласно Законот за енергетика (Сл. Весник бр.96/2018), Мрежните правила за пренос на електрична енетргија (Сл. Весник на РСМ 4/2022) и Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Сл. Весник на СФРЈ бр.65/1988) испланиран е заштитниот коридор за 110kV и 400 kV далновод и негово вкрстување со друга инфраструктура

Законот за енергетика (Сл. Весник бр.96/2018)

Член 203

(1) Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засдување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетски објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.
(2) По исклучок од став (1) на овој член, ако изведувањето на работите е неопходно за остварување на јавен интерес, вршителот на енергетската дејност по барање на изведувачот на работите, е должен да даде писмена согласност за изведување на работите во рок од 15дена од денот на поднесувањето на барањето, во која ги определува и потребните заштитни мерки за објектите, уредите и постројките.
(3) Преземање на заштитните мерки определени во согласност од ставот(2) на овој член е на трошок на изведувачот на работите.

Член 204

(1) Сопственикот, односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи за одржување и реконструкција на енергетски објекти, како и вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште.
(2) Сопственикот, односно корисникот на земјиштето има право на надоместок на штета настаната со работите од ставот (1) на овој член

Мрежни правила за пренос на електрична енергија (Сл. Весник на РСМ бр.4/2022)

Член 224

Површината и просторот под, над и покрај постоечките електропреносни електроенергетски објекти, неопходен за просторно планирање, заштита и одржување на истите, во кој не е дозволено да се изведуваат работи, односно да се гради без согласност на МЕПСО, преставува заштитен појас на електропреносниот електроенергетски објект.
Ширина на заштитниот појас изнесува:

1) 15 м од оската на надземен вод со номинален напон од 400 kV
2) 10м од оската на надземен вод со номинален напон од 110 kV.

(4)Во случај на градба како и изведување на други работи внатре во заштитниот појас, корисникот/сопственикот, овластено правно лице или јавна институција, неопходно е да поднесе барање до МЕПСО за издавање на заштитни мерки, однодно МЕПСО да издаде писмена согласност соодветно на поднесеното барање.
(5)Со барање за издавање на согласност, односно согласност за изведување на работи внатре во заштитниот појас, подносителот на барањето е должен да ја приложи соодветната проектна документација врз основа на која го планира изведувањето на работите, извод од урбанистички план и/или имотен лист за имотот.
(6)МЕПСО е должен на подносителот на барањето од став (4) од овој член да му одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(7) заштитни мерки за изведување на работи во заштитен појас се определуваат во согласност со одредбите од посебните закони, прописи, норми, правила на струката и иинтерните технички акти на МЕПСО, кои ги уредуваат техничките услови за изградба, погон и одржување на мрежата
(8) Изведувачот на работите е должен навремено да го извести МЕПСО за точно време на отпочнување и планот за реализација на работите, согласно издадените услови, односно согласноста на МЕПСО.
(9) Активности во заштитен појас се спроведуваат во согласност со пропишаните заштитни мерки односно издадената согласност за изведувањето на работите.
(10) МЕПСО има право во заштитниот појас да превземе дополнителни мерки и активности за одржување, сечење на вегетација и други слични активности, во случај ако оцени дека истите се потребни за безбедно функционирање на електропреносниот систем, заштита од пожар, заштита на природата и сл.

Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Сл. весник на Р. Македонија бр. 25/2019)
Места пристапни за возила

Член 102

За места пристапни за возила (околу населени подрачја, над полиња околу кои има полски патишта, над ливади и ораници, над полски патишта и шумски патишта), сигурносната височина и сигурносната оддалеченост изнесуваат:

- Сигурносна височина 6,0м
- Сигурносна оддалеченост 5,0м

Член 153

- Сигурносната височина на водот изнесува 2,5м, а сигурносната одалеченост 1,0м
- Условите од став 1 на овој член треба да бидат исполнети и во случај кога на горниот вод има додатно оптеретување, а на долниот вод нема.
- Одредбата од став 2 од овој член се однесува и на проверување на максималниот отклон на спроводникот на долниот вод.
- Вод со повисок напон се поставува над вод со понизок напон.
- Горниот вод мора да се изгради со електрично засилена изолација.

Во граници на планските опфати согласно податоците добиени од ***ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ (бр.10-22/4-558 од14.12.2023, бр.10-22/4-557 од 14.12.2023 и бр.10-22/4-556 од 14.12.2023):***

- во граници на плански опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино) постои 10(20) kV далновод сопственост на објекти на Електродистрибуција ДООЕЛ.
- во граници на плански опфат 2 (дел од КП 3099/1, КО Неготино) постои 10(20) kV далновод сопственост на објекти на Електродистрибуција ДООЕЛ.
- во граници на плански опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино) нема сопственост на објекти на Електродистрибуција ДООЕЛ

Согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Сл.весник на РМ бр. 191/19) испланиран е заштитниот коридор за 10(20)kV далновод и негово вкрстување со друга инфраструктура.

Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија
(Сл.весник на РМ бр. 191/19 и 68/2024)
Заштитен појас

Член 137

Изградба и изведување на работи во близина на енергетски објекти ОДС утврдува посебни услови при изградба и изведување на работи во близина на енергетски објекти (под, над и покрај), согласно Законот за енергетика, други важечки прописи, правилници и со овие Мрежни правила.

Со посебни услови од став (1) на овој член се утврдува оддалеченост и/или висина, односно растојание од електроенерегетскиот објект, техничките и проектираните решенија, заштитни мерки и активности, со цел спречување на несакани влијанија, земајќи ги во предвид посебните прописи во врска со:

1) заштита при работа,
2) заштита од пожар,
3) заштита на животната средина и природата,
4) спречување на влијание на електроенергетските објекти на постројки и инсталации на корисниците на мрежата, делови од комуналната и друга јавна инфраструктура, како и обратно.

Член 138

Заштитен појас

Површината и просторот, под, над и покрај дистрибутивните електроенергетски објекти, потребен за просторно планирање, заштита и одржување на истите, во кој не е дозволено да се изведуваат работи односно да се гради без согласност на ОДС претставува заштитен појас на дистрибутивните електроенергетски објекти.

Ширина на заштитениот појас изнесува:

2) за надземен вод со номинален напон од 1kVдо 35kV – 7метри од оската на водот

Во случај на градба на објект, односно постројка и инсталации на корисник на дистрибутивната мрежа, како и изведување на други работи внатре во заштитениот појас, неопходно е корисникот да поднесе барање до ОДС за издавање на посебни услови, односно ОДС да издаде писмена согласност, со цел обезбедување на безбедност на електроенергетскиот објект, градбата, имотот, луѓето и животните.

Со барањето за издавање на посебни услови, односно согласност за изведување на работи внатре во заштитениот појас, подносителот на барањето е должен да ја приложи соодветната документација врз основа на која го планира изведувањето на овие работи.

ОДС е должен на подносителот на барањето од став (4) од овој член, да му одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Условите за изведување на работи во заштитениот појас се определуваат во согласност со одредбите од посебните закони, прописи, норми, правила на струката и интерните технички акти на ОДС, кои ги уредуваат техничките услови на изградба, погон и одржување на мрежата.

Изведувачот на работите е должен навремено да го извести ОДС за точното време на отпочнување и планот за реализација на работите, согласно издадените услови односно согласноста на ОДС.

Зафати во заштитен појас се спроведуваат во согласност со пропишаните посебни услови односно издадената согласност за изведување на работите.

Основна намена на 3те плански опфати кој се идентични со градежнирте парцели во плански опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино)≡ ГП 1.1.1.1, плански опфат 2 (дел од КП 3099/1, КО Неготино))≡ ГП 2.2.1.1 и плански опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино))≡ ГП 3.3.1.1 е производство на електрична енергија.

Предвидената моќност на фотоелектричните централи е со капацитет од 99 MW.

Приклучувањето на фотоволтаичните електрани на преносната мрежа на АД МЕПСО се планира преку 110kV надземен електричен вод од планираната ТС20(35)/110kV ФЕЦ Неготино до нова ТС110/400kV Дуброво за кое од АД МЕПСО има даено Прелиминарна согласност за приклучување на електропреносна мрежа (бр. 11-1756/1 од 21.02.2024).

Со Прелиминарната согласност за приклучување на ФЕЦ Неготино на електропреносна мрежа може да се продолжи постапката за Овластување за изградба на ФЕЦ Неготино согласно Законот за енергетика.

Постапката за приклучување на електропреносна мрежа продолжува со изработка на Студијата за приклучување на ФЕЦ Неготино на електропреносна мрежа по добиеното Овластување за изградба.

Во граници на градежните парцели се планираат фотонапонски панели со пропратна опрема, трафостаници, градби за чување и складирање на енергија, објекти за одржување на фотоволтаичните централи, инфраструктурни објекти...

Електричната енергија (еднонасочен напон и струја), генерирана во фотонапонските ќелии, се пренесува кон инверторот кој еднонасочниот напон и струја ги претвора во наизменични величини. Инверторите се опремени со заштитни уреди и модуларни места, па не е потребно изведба на DC заштитна склопна опрема помеѓу стринговите и инверторот. Од инверторот, наизменичните компоненти на електричната енергија (напон и струја), се пренесуваат до мали АС ормари кои се состојат од еден трополен осигурач. Понатаму, од овие АС ормари, електричната енергија се пренесува до разводен ормар РО во кој е монтиран раставувач со ножести осигурачи, АС одводник на пренапон и сите останати неопходни елементи. Ормарите и инверторите ќе се постават на соодветно место кое ќе биде претходно договорено со инвеститорот, под услов задоволување на сите технички и сигурносни прописи. Разводните ормари треба да бидат поставени на минимално растојание од самиот инвертор. Проектираните разводни ормари треба да бидат изработени од изолациски материјал, односно мораат да имаат степен на заштита од IP65 или IP66 во зависност од типот на просторијата во која се наместени. Заради појавата на кондензација препорака е да бидат изведени од полиестер.

Од разводниот ормар АЦ електричната енергија се предава на главната разводна табла на објектот ГРО, а потоа до нисконапонската страна на новопроектираниот напоен трансформатор, преку проводник. Произведената електрична енергија преку подземни кабли кој се планираат во пристапните патишта ќе се поврзе со трафостаница надвор од планскиот опфат која ќе ја дистрибуира ел.енергија до ТС Дуброво.

Технолошкиот процес на производство на електрична струја преку соларни панели не бара секојдневно присуство на вработени, но секако се планирани вработувања како централата би добила соодветно одржување.

6.3.3 Телекомуникациска инфраструктура

Согласно податоците од ***Македонски Телеком АД Скопје (бр.57628 од 14.12.2023, бр.57641 од 14.12.2023 и бр.57639 од 14.12.2023)*** во границите на планските опфати нема постојна МКТ инфраструктура.

Согласно податоците од ***А1 Македонија ДООЕЛ, Скопје(бр.11-6536/1 од 11.12.2023 и бр.11-6537/1 од 11.12.2023)*** во непосредна близина на плански опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино) и плански опфат 2 (дел од КП 3099/1, КО Неготино) има подземен кабел.

За плански опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино) не се добиени податоци во системот е урбанизам во ПИМ постапка 57639 од 7.12.2023г.

Согласно податоците од ***Агенција за електронски комуникации (бр. 1404-176/2 од 12.01.2024, бр. 1404-177/2 од 31.01.2024 и бр. 1404-178/2 од 12.01.2024)*** нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Согласно податоците од ***Министерство за внатрешни работи на РСМ – Оддел за информатика и телекомуникации – Сектор за телекомуникации (бр. 11.133631/2 од 22.12.2023, (бр. 11.133626/2 од 22.12.2023 и бр. 11.133628/2 од 22.12.2023) н***ема податоци за постоење на нивни инсталации

Согласно податоците од ***Министерство за одбрана на РСМ – сектор за недвижности (бр.19/2-5/71 од 24.01.2024, бр.19/2-5/73 од 24.01.2024 и бр.19/2-5/72 од 24.01.2024)*** не располага со техничка документација за кабелски инсталации.

6.3.4 Гасоводна инфраструкрура

Согласно податоците од ***НОМАГАС АД-Скопје (бр.15-5351/2 од 11.12.2023, бр.15-5353/2 од 11.12.2023 и бр.15-5352/2 од 11.12.2023) :***

Во граници на плански опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино) и плански опфат 2 (дел од КП 3099/1, КО Неготино) нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Во граници на плански опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино) во близина на наведениот плански опфат проаѓа трасата на гасоводот делница Клечовце-Неготино-Кавадарци која веќе е изградена, 3,5м лево и десно од оската на гасоводот е извршена трајна експроприација.

Правилникот за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Сл. Весник на СФРЈ бр. 26 од 1985)

Член 9

Во појасот широк 30м лево и десно од оската на гасоводот, по изградба на гасоводот, е забрането да се градат згради наменети за домување или престој на луѓе, без оглед на степенот на сигурноста со кој е изграден гасоводот и без оглед на тоа во која класа е распореден појасот на цевководот.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член згради наменети за домување или престој на луѓе можат да се градат во појас потесен од 30м ако градбата веќе била предвидена со урбанистички план пред проектирање на гасоводот и ако се применат посебни мерки за заштита со тоа што најмалото растојание на населената зграда од гасоводот мора да биде и тоа:

1) За пречник на гасовод до 125мм – 10м
2) За пречник на гасовод од 125мм до 300мм – 15м
3) За пречник на гасовод од 300мм до 500мм – 20м
4) За пречник на гасовод поголем од 500мм – 30м.

Во планскиот опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино) површината за градба се планира 20м од осовината на гасоводот.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, на дел од КП 3099/1 и на дел од КП 3135/1, КО Неготино - општина Неготино е изработен согласно Закон за урбанистичко планирање (Сл.весник бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25) и Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)

Општите услови важат за целата површина на трите плански опфати.

Граница на плански опфат на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење преставува граница на подрачјето, комплексот на градби или градежната парцела односно земјиштето што е неопходно за градење и употреба на програмските содржини што се планирани со урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење.

Нумерација на плански опфат – нумерација на плански опфат е со број.

Граница на блок - е посложена единица на градежното земјиште која се состои од една или повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба, чијашто граница по правило се совпаѓа со оски на улици и граници на градежни парцели.

Нумерација на блок – нумерација на блок е со број.Првиот број е нумерација на плански опфат другиот број е нумерација на блок.

Граница на наменска зона - е линија на граница на подрачје со иста намена на земјиштето.

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

Границата на градежна парцела е линија на разграничување помеѓу две соседни градежни парцели, односно линија на разграничување на носители на правото на градење.

Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење, и претставува најмала и неделлива просторна единица на градежното земјиште.

Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела. Градежната парцела се состои од една или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели.

Нумерација на градежна парцела - нумерација на градежна парцела е со број. Првиот број означува број на плански опфат, другиот број означува број на блок(два броја), третиот број е нумерација на парцела.

Градежна линија е планска одредба која претставува граница на дозволеното градење односно ја дефинира просторната диспозиција на идните градби и просторна граница до која градбите може да се градат.

Подземна градежна линија е планска одредба која претставува граница на дозволено градење на подземни инфрастурктурни водови.

Помошна градежна линија – ги означува промените во габаритот на планираните градби во рамки на површината за градење.

Површина за градење претставува дел од градежна парцела ограничена со градежна линија на кој се утврдуваат услови за градење на градба.

Рамковна површина за градење –Во градежна парцела каде што се планира комплексни градби со повеќе површини за градење или комплекси кој содржат повеќе градби се планира рамковна површина за градба која графички е поголема од процентот кој е дозволен за градба.Со урбанистички проект се одредува точната површина за градење, како и нејзината форма и големина(мах. 80% од површината на градежната парцела).

Заштитен коридор (појас) е површина во која не се дозволува градба на обекти.
Во случај кога се планира надземна или подземна инфраструктура која се води во зоната на заштитниот коридор мора да се обезбеди позитивно мислење од сопственикот на инфраструктурата
Максимална височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички проект се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.
Максималната височина на градбата се одредува на два начина:

- како висина на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри и
- како висина на највисоката кота на градбата, кој се мери на највисокиот дел од затворениот габарит на градбата (првостепената пластика) односно на највисоката кота на покривот или слемето на кровот доколку се работи за кос кров,изразена во метри.

Максимална височина на нултата плоча во однос на теренот за градби на приземјето е 1,2м
Видови на кровови - Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.
Дозволено е формирање на два типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:
- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°
- рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5%.
Максималниот агол на кровната конструкција се пресметува од завршниот венец на градбата во однос на вертикалната рамнина на фасадниот ѕид.

Намена на земјиштето подразбира начинот на употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив, на површина на земјиштето, под и над површината на земјиштето, што клучно влијае на начинот на уредувањето на земјиштето, изградбата на градбите, како и на просторот потребен за нивното одвивање и функционирање.
Комплеметарна намена означува активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер и во одредени случаи го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.
Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,
Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури
Е1.8 – Трансформаторска станица
Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.
Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

Сообраќајна инфраструктура

Патна инфраструктура

Да се изработи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.1- сообраќајни патни инфраструктури (некатегоризиран пат) за пристап до градежните парцели

Железничка инфраструктура

Законот за железнички систем (Сл. Весник на РМ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и Службен весник на РСМ бр. 302/20

Член 59

(1) Во заштиниот појас на железничката пруга можат да се градат згради и други објекти и да се поставуваат постројки и уреди врз основа на одобрение под следните услови:

2) во населени места и на земјиштето од точка 1 на овој став може да се одобри изградба на станбени, деловни, помошни и слични згради, копање бунари, резервоари, септички јами и слично, подигање на електрични далноводи во заштитниот појас покрај железничката пруга, но не поблиску од 25м сметајќи од оската на крајните колосеци.

(2) Одобрението од став (1) на овој член го издава управителот на инфраструктура

Хидротехничка инфраструктура

Законот за водите (Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/2021),

Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определуваат советот на општините и советот на градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општините, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;

Водостопанска согласност - Согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои што поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите, како и Дозвола за користење и испуштање во водите под услови и на начин утврден со закон.

Префизибилити студијата за Вардарска долина - по изработка на Физибилити студија и основен проект пред изградба на акомулациите инвеститорот е должен да ги дислоцира своите градби од крајбрежен појас на акомулациите.

<u>Електроенергетска инфраструктура</u>

АД МЕПСО

Законот за енергетика (Сл. Весник бр.96/2018)

Член 203

(4) Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетски објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

(5) По исклучок од став (1) на овој член, ако изведувањето на работите е неопходно за остварување на јавен интерес, вршителот на енергетската дејност по барање на изведувачот на работите, е должен да даде писмена согласност за изведување на работите во рок од 15дена од денот на поднесувањето на барањето, во која ги определува и потребните заштитни мерки за објектите, уредите и постројките.

(6) Преземање на заштитните мерки определени во согласност од ставот (2) на овој член е на трошок на изведувачот на работите.

Член 204

(3) Сопственикот, односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи за одржување и реконструкција на енергетски објекти, како и вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште.

(4) Сопственикот, односно корисникот на земјиштето има право на надоместок на штета настаната со работите од ставот (1) на овој член

Мрежни правила за пренос на електрична енергија (Сл. Весник на РСМ бр.4/2022)

Член 224

Површината и просторот под, над и покрај постоечките електропреносни електроенергетски објекти, неопходен за просторно планирање, заштита и одржување на истите, во кој не е дозволено да се изведуваат работи, односно да се гради без согласност на МЕПСО, преставува заштитен појас на електропреносниот електроенергетски објект.

Ширина на заштитниот појас изнесува:

3) 15 м од оската на надземен вод со номинален напон од 400 kV
4) 10м од оската на надземен вод со номинален напон од 110 kV.

(4) Во случај на градба како и изведување на други работи внатре во заштитниот појас, корисникот/сопственикот, овластено правно лице или јавна институција, неопходно е да поднесе барање до МЕПСО за издавање на заштитни мерки, однодно МЕПСО да издаде писмена согласност соодветно на поднесеното барање.

(5) Со барање за издавање на согласност, односно согласност за изведување на работи внатре во заштитниот појас, подносителот на барањето е должен да ја приложи соодветната проектна документација врз основа на која го планира изведувањето на работите, извод од урбанистички план и/или имотен лист за имотот.

(6) МЕПСО е должен на подносителот на барањето од став (4) од овој член да му одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(7) заштитни мерки за изведување на работи во заштитен појас се определуваат во согласност со одредбите од посебните закони, прописи, норми, правила на струката и иинтерните технички акти на МЕПСО, кои ги уредуваат техничките услови за изградба, погон и одржување на мрежата

(8) Изведувачот на работите е должен навремено да го извести МЕПСО за точно време на отпочнување и планот за реализација на работите, согласно издадените услови, односно согласноста на МЕПСО.
(9) Активности во заштитен појас се спроведуваат во согласност со пропишаните заштитни мерки односно издадената согласност за изведувањето на работите.
(10) МЕПСО има право во заштитниот појас да превземе дополнителни мерки и активности за одржување, сечење на вегетација и други слични активности, во случај ако оцени дека истите се потребни за безбедно функционирање на електропреносниот систем, заштита од пожар, заштита на природата и сл.

Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Сл. весник на Р. Македонија бр. 25/2019)
Места пристапни за возила

Член 102

За места пристапни за возила (околу населени подрачја, над полиња околу кои има полски патишта, над ливади и ораници, над полски патишта и шумски патишта), сигурносната височина и сигурносната оддалеченост изнесуваат:

- Сигурносна височина 6,0м
- Сигурносна оддалеченост 5,0м

Член 153

- Сигурносната височина на водот изнесува 2,5м, а сигурносната одалеченост 1,0м
- Условите од став 1 на овој член треба да бидат исполнети и во случај кога на горниот вод има додатно оптеретување, а на долниот вод нема.
- Одредбата од став 2 од овој член се однесува и на проверување на максималниот отклон на спроводникот на долниот вод.
- Вод со повисок напон се поставува над вод со понизок напон.
- Горниот вод мора да се изгради со електрично засилена изолација.

Метални и жичани огради

Член 183

- Металните и жичаните огрди што се наоѓаат околу објектите, во кои се задржуваат поголем број лица или служат за живеење, не смеат да се поставуваат во близика на челични и армиранобетонски столбови.Нивната одалеченост мора да изнесува најмалку 0,7Un(cm)но не помалку од 20см, каде што Un е номинален напон (kV).
- За водовите со номинален напон од 110kV и повеќе, потребно е засметување или мерење на индукуваните напони при нормален напон на далноводот.
- Ако индуктивниот напон спрема земјата е поголем од 65 V, треба да се преземат посебни мерки на заштита (Заземјување, галванско одвојување на делови од оградата, замена на оградата и слично).Ако заштитата се врши со заземјување, отпорноста на заземјувањето не смее да биде поголема од 25Ω
- Сигурносната оддалеченост на водот од металните и жичените огради изнесува 3,0м.

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ
Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија
(Сл.весник на РМ бр. 191/19 и 68/2024)
Заштитен појас

Член 137

Изградба и изведување на работи во близина на енергетски објекти ОДС утврдува посебни услови при изградба и изведување на работи во близина на енергетски објекти (под, над и покрај), согласно Законот за енергетика, други важечки прописи, правилници и со овие Мрежни правила.

Со посебни услови од став (1) на овој член се утврдува оддалеченост и/или висина, односно растојание од електроенерегетскиот објект, техничките и проектираните решенија, заштитни мерки и активности, со цел спречување на несакани влијанија, земајќи ги во предвид посебните прописи во врска со:

1) заштита при работа,
2) заштита од пожар,
3) заштита на животната средина и природата,
4) спречување на влијание на електроенергетските објекти на постројки и инсталации на корисниците на мрежата, делови од комуналната и друга јавна инфраструктура, како и обратно.

Член 138

Заштитен појас

Површината и просторот, под, над и покрај дистрибутивните електроенергетски објекти, потребен за просторно планирање, заштита и одржување на истите, во кој не е дозволено да се изведуваат работи односно да се гради без согласност на ОДС претставува заштитен појас на дистрибутивните електроенергетски објекти.

Ширина на заштитениот појас изнесува:

2) за надземен вод со номинален напон од 1kVдо 35kV – 7метри од оската на водот

Во случај на градба на објект, односно постројка и инсталации на корисник на дистрибутивната мрежа, како и изведување на други работи внатре во заштитениот појас, неопходно е корисникот да поднесе барање до ОДС за издавање на посебни услови, односно ОДС да издаде писмена согласност, со цел обезбедување на безбедност на електроенергетскиот објект, градбата, имотот, луѓето и животните.

Со барањето за издавање на посебни услови, односно согласност за изведување на работи внатре во заштитениот појас, подносителот на барањето е должен да ја приложи соодветната документација врз основа на која го планира изведувањето на овие работи.

ОДС е должен на подносителот на барањето од став (4) од овој член, да му одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Условите за изведување на работи во заштитениот појас се определуваат во согласност со одредбите од посебните закони, прописи, норми, правила на струката и интерните технички акти на ОДС, кои ги уредуваат техничките услови на изградба, погон и одржување на мрежата.

Изведувачот на работите е должен навремено да го извести ОДС за точното време на отпочнување и планот за реализација на работите, согласно издадените услови односно согласноста на ОДС.

Зафати во заштитен појас се спроведуваат во согласност со пропишаните посебни услови односно издадената согласност за изведување на работите.

НАПОМЕНА: Во основниот проект да се обезбеди пристап до постојните столбните места на далноводите за да може да се обезбеди нивно одржување.

Гасоводна инфраструктура

Правилникот за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Сл. Весник на СФРЈ бр. 26 од 1985):

Член 9

Во појасот широк 30м лево и десно од оската на гасоводот, по изградба на гасоводот, е забрането да се градат згради наменети за домување или престој на луѓе, без оглед на степенот на сигурноста со кој е изграден гасоводот и без оглед на тоа во која класа е распореден појасот на цевководот.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член згради наменети за домување или престој на луѓе можат да се градат во појас потесен од 30м ако градбата веќе била предвидена со урбанистички план пред проектирање на гасоводот и ако се применат посебни мерки за заштита со тоа што најмалото растојание на населената зграда од гасоводот мора да биде и тоа:

1) За пречник на гасовод од 300мм до 500мм – 20м

Во планскиот опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино) површината за градба се планира 20м од осовината на гасоводот.

Зеленило – Во граници на градежната парцела се планира 20% од површината да биде наменета за зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр.42/20).

Оградување на градежна парцела може да биде со транспарентна ограда со вкупна висина до 2,5м со можност за изведба на ѕидан парапет со висина од 0,4м до 0,8м.

Напомена 1: Доколку при реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 , 11/18 и 20/19).

Напомена 2: Заради непречено спроведување на планот пред реализација на градбите од градежните парцели да се одобри Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.1- сообраќајни патни инфраструктури (некатегоризиран пат) и Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија (20КВ кабли) во КО Неготино– општина Неготино.

Напомена 3: Да се испланираат подземни кабли од планираните градежни парцели со намена Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани до планираната трафостаница. Трасата на каблите може да биде во коридорот на пристапните патишта .

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА,РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ

Посебните услови за изградба се однесува за секоја градежна парцела посебно во трите плански опфати

ПЛАНСКИ ОПФАТ 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино)

Градежна парцела 1.1.1.1

Вид и начин на употреба на планската единица: градежна парцела наменета за Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани

Намена на земјиштето и градбите:

Основна класа на намена

- Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани

Комплементарна намена

- Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
- Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,
- Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,
- Е1.8 – трансформаторски станици.

Урбани параметри

• Површина на градежна парцела	610 107 м²
• Површина на земјиште под градба	488 086 м²
• Вкупно изградена површина	488 086 м²
• Процент на изграденост на ниво на градежна парцела	80%
• Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела	0,80

Дозволена висина на градење: Н=12,00 м

Максимален број на спратови: П

Висина и форма на кровна конструкција : Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

Дозволено е формирање на два типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:

- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°
- рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5%.

Режим на градење над котата на горниот венец: дозволено е поставување на громобранска инсталација и вентилациони канали.

Кота на нулта плоча во однос на нивелета на пристапна сообраќајница: максимум 1.2м од кота на пристапен тротоар

Сообраќај: Пристап со моторни возила до градежната парцела е од планиран некатегоризиран пат кој е со траса во КП 4198 и КП 4195, КО Неготино (со УП).

Паркирање е во градежна парцела. Да се обезбедат 4 паркинг места.

Режим на градење под земја: дозволено е градење во граница на површината за градба. Надвор од површината за градба се дозволува подземно водење на инфраструктура.

Водови и објекти на инфраструктура: приклучок за градбите е од планиран некатегоризиран пат кој е со траса во КП 4198 и КП 4195, КО Неготино (со УП) во кој се планира и инфраструктура.

Начинот на обработката на партерот: колски пристапи, заштитен тротоар, пешачки патеки, паркинг простор, зеленило

Подигање на урбаната зелена инфраструктура: Во граници на градежната парцела се планира 20% зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр 42/20).

Мерки за заштита: Согласно намената на просторот – фотоволтаична електраната да се предвидат мерки за заштита на опремата и да се обезбедат услови за нејзино непречено функционирање.

Статус на земјиштето: Со донесување на планот земјиштето добива статус на градежно земјиште

Напомена 1: За да се реализира одобрението за градба за ГП 1.1.1.1 треба да се одобри Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.1- сообраќајни патни инфраструктури (некатегоризиран пат) и Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија (20КВ кабли) во КО Неготино– општина Неготино

Напомена 2: За градежната парцела да се изработи урбанистички проект согласно член 58, став 2 од Законот за урбанистичко планирање(Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25)

Напомена 3: Заради понатамошна непречена реализација на градежната парцела со планираните градби со класа на намена Е1.13, нивно управување и одржување од страна на инвеститорот задолжително се применуваат материјалните одредби од Законот за градење и Законот за енергетика со кои е прецизно уреден производителот на електрична енергија дека е лице кое врши енергетска дејност - производство на електрична енергија и е регистрирано во трговскиот регистар во Република Северна Македонија, како и друго правно лице кое е регистрирано во регистарот на други правни лица во Република Северна Македонија и произведува електрична енергија од обновливи извори на енергија.“, имајќи ја предвид сопственичката структура од доставениот имотен лист бр.13 КО Неготино за парцелите кои се зафаќаат со овој урбанистички план

ПЛАНСКИ ОПФАТ 2 (дел од КП 3099/1, КО Неготино)

Градежна парцела 2.2.1.1

Вид и начин на употреба на планската единица: градежна парцела наменета за Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани

Намена на земјиштето и градбите:

Основна класа на намена

- Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани

Комплементарна намена

- Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
- Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,
- Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,
- Е1.8 – трансформаторски станици.

Урбани параметри

• Површина на градежна парцела	470 673 м²
• Површина на земјиште под градба	376 538 м²
• Вкупно изградена површина	376 538 м²
• Процент на изграденост на ниво на градежна парцела	80%
• Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела	0,80

Дозволена висина на градење: Н=12,00 м

Максимален број на спратови: П

Висина и форма на кровна конструкција : Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

Дозволено е формирање на два типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:

- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°

- рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5%.

Режим на градење над котата на горниот венец: дозволено е поставување на громобранска инсталација и вентилациони канали.

Кота на нулта плоча во однос на нивелета на пристапна сообраќајница: максимум 1.2м од кота на пристапен тротоар

Сообраќај: Пристап со моторни возила до градежната парцела е од планиран некатегоризиран пат кој е со траса во КП 4195, КО Неготино (со УП).

Паркирање е во градежна парцела. Да се обезбедат 4 паркинг места.

Режим на градење под земја: дозволено е градење во граница на површината за градба. Надвор од површината за градба се дозволува подземно водење на инфраструктура.

Водови и објекти на инфраструктура: приклучок за градбите е од планиран некатегоризиран пат кој е со траса во КП 4198, КО Неготино (со УП) во кој се планира и инфраструктура.

Начинот на обработката на партерот: колски пристапи, заштитен тротоар, пешачки патеки, паркинг простор, зеленило

Подигање на урбаната зелена инфраструктура: Во граници на градежната парцела се планира 20% зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр 42/20).

Мерки за заштита: Согласно намената на просторот – фотоволтаична електраната да се предвидат мерки за заштита на опремата и да се обезбедат услови за нејзино непречено функционирање.

Статус на земјиштето: Со донесување на планот земјиштето добива статус на градежно земјиште

Напомена 1: За да се реализира одобрението за градба за ГП 2.2.1.1 треба да се одобри Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.1- сообраќајни патни инфраструктури (некатегоризиран пат) и Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија (20КВ кабли) во КО Неготино– општина Неготино

Напомена 2: За градежната парцела да се изработи урбанистички проект согласно член 58, став 2 од Законот за урбанистичко планирање(Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25)

Напомена 3: Заради понатамошна непречена реализација на градежната парцела со планираните градби со класа на намена Е1.13, нивно управување и одржување од страна на инвеститорот задолжително се применуваат материјалните одредби од Законот за градење и Законот за енергетика со кои е прецизно уреден производителот на електрична енергија дека е лице кое врши енергетска дејност - производство на електрична енергија и е регистрирано во трговскиот регистар во Република Северна Македонија, како и друго правно лице кое е регистрирано во регистарот на други правни лица во Република Северна Македонија и произведува електрична енергија од обновливи извори на енергија.“, имајќи ја предвид сопственичката структура од доставениот имотен лист бр.13 КО Неготино за парцелите кои се зафаќаат со овој урбанистички план

ПЛАНСКИ ОПФАТ 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино)

Градежна парцела 3.3.1.1

Вид и начин на употреба на планската единица: градежна парцела наменета за Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани

Намена на земјиштето и градбите:

Основна класа на намена

- Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани

Комплементарна намена

- Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
- Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,
- Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,
- Е1.8 – трансформаторски станици.

Урбани параметри

• Површина на градежна парцела	273 884 м²
• Површина на земјиште под градба	219 107 м²
• Вкупно изградена површина	219 107 м²
• Процент на изграденост на ниво на градежна парцела	80%
• Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела	0,80

Дозволена висина на градење: Н=12,00 м

Максимален број на спратови: П

Висина и форма на кровна конструкција : Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

Дозволено е формирање на два типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:

- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°
- рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5%.

Режим на градење над котата на горниот венец: дозволено е поставување на громобранска инсталација и вентилациони канали.

Кота на нулта плоча во однос на нивелета на пристапна сообраќајница: максимум 1.2м од кота на пристапен тротоар

Сообраќај: Пристап со моторни возила до градежната парцела е од планиран некатегоризиран пат кој е со траса во КП 4198, КО Неготино.

Паркирање е во градежна парцела. Да се обезбедат 4 паркинг места.

Режим на градење под земја: дозволено е градење во граница на површината за градба. Надвор од површината за градба се дозволува подземно водење на инфраструктура.

Водови и објекти на инфраструктура: приклучок за градбите е од планиран некатегоризиран пат кој е со траса во КП 4198, КО Неготино (со УП) во кој се планира и инфраструктура.

приклучок за објектот е од постоен некатегоризиран пат

Начинот на обработката на партерот: колски пристапи, заштитен тротоар, пешачки патеки, паркинг простор, зеленило

Подигање на урбаната зелена инфраструктура: Во граници на градежната парцела се планира 20% зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр 42/20).

Мерки за заштита: Согласно намената на просторот – фотоволтаична електраната да се предвидат мерки за заштита на опремата и да се обезбедат услови за нејзино непречено функционирање.

Статус на земјиштето: Со донесување на планот земјиштето добива статус на градежно земјиште

Напомена 1: За да се реализира одобрението за градба за ГП 3.3.1.1 треба да се одобри Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.1- сообраќајни патни инфраструктури (некатегоризиран пат) и Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија (20КВ кабли) во КО Неготино– општина Неготино

Напомена 2: За градежната парцела да се изработи урбанистички проект согласно член 58, став 2 од Законот за урбанистичко планирање(Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25)

Напомена 3: Заради понатамошна непречена реализација на градежната парцела со планираните градби со класа на намена Е1.13, нивно управување и одржување од страна на инвеститорот задолжително се применуваат материјалните одредби од Законот за градење и Законот за енергетика со кои е прецизно уреден производителот на електрична енергија дека е лице кое врши енергетска дејност - производство на електрична енергија и е регистрирано во трговскиот регистар во Република Северна Македонија, како и друго правно лице кое е регистрирано во регистарот на други правни лица во Република Северна Македонија и произведува електрична енергија од обновливи извори на енергија.“, имајќи ја предвид сопственичката структура од доставениот имотен лист бр.13 КО Неготино за парцелите кои се зафаќаат со овој урбанистички план

МИСЛЕЊЕ ОД ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

- **ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино (бр. УП I 08-47/2 од 17.07.2024)**
  Врз основа на Вашето барање за мислења за изработување и одобрување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е 1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, КП 3099/1 и КП 3135/1 КО Неготино - општина Неготино, врз основа на претходно дадените податоци и увид во приложениот предлог план Ве информираме дека Ј.П.,,Комуналец“ - Неготино се согласува со предложениот план и дава **позитивно мислење** за истиот.

- **АД Водостопанство на РСМ – Скопје (бр. 11-1129/3 од 27.09.2024)**
  Во врска Вашето барање бр. 0302/450/18 од 13.06.2024 и наш бр. 1129 од 17.06.2024 за изработување и одобрување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино, општина Неготино, Ве известуваме:
  АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост Скопје, **го прифаќа изработувањето и одобрувањето** на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино, оштина Неготино.
  НАПОМЕНА:
  При започнување на градежните работи потребно е присуство на стручни лица од АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост Скопје, заради заштита на објектите и инфраструктурата со кои стопанисува, а се во близина на планскиот опфат.
  За присуство на стручните лица од АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост Скопје, бараме да бидеме писмено известени пред започнување на било какви активности.

- **АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ(бр. 08-4377/1 од 12.07.2024)**
  Согласно Вашиот допис број 0302/450/12 од 10.06.2024 година (број на постапка во Е-урбанизам 62682), а во врска со изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино, општина Неготино, Ве известуваме следното:
  На предметниот плански опфат согласно Префизибилити студијата за Вардарска долина, изработена од 2017 год., се планирани идните локации на ХЕЦ Дуброво 1, ХЕЦ Дуброво 2, ХЕЦ Дуброво 3. Согласно вообичаената процедура за развој на еден проект, после изработката на Префизибилити студијата треба да следи изработка на Физибилити студија за проектот, при што е возможна промена на микролокациите на Трите ХЕЦ. Во прилог Ви ги испраќаме микролокациите на идните ХЕЦ согласно Префизибилити студијата.
  Прилог: -Микролокации на идните ХЕЦ согласно Префизибилити студијата.

ХЕ Дуброво 1

Преградата на ХЕ Дуброво 1 е лоцирана на Gaus-Kruger координати:

X - 4596022

Y - 7592552

Котата на висока вода на ХЕ Дуброво 1 е 119,6 мнв, а на ниската вода е 115,7 мнв што е истовремено и нормална проектна кота на следната ХЕ Дуброво 2. На следната слика е дадена мапа со општата позиција на ХЕ Дуброво 1.

Браната се состои од армиранобетонска секција со десет проточни полиња 17.00 x 9.50 m, за евакуација на поплавна вода и машинска сала со три генератора на десниот брег на реката. Непропусна преграда на браната го поврзува останатиот дел од преградата на левата страна, а на десната страна од браната се ослонува на десниот брег од реката.

Основни технички податоци:

Конструктивна висина на браната 19.5m

Вкупна должина на круната на браната 220 m

ХЕ Дуброво 2

Преградата на ХЕ Дуброво 2 е лоцирана на Gaus-Kruger координати:

X - 4594718

Y - 7595185

Котата на висока вода на ХЕ Дуброво 2 е 115.7 мнв, а на ниската вода е 111.7 мнв што е истовремено и нормална проектна кота на следната ХЕ Дуброво 3. На следната слика е дадена мапа со општата позиција на ХЕ Дуброво 2.

Браната се состои од армиранобетонска секција со десет проточни полиња 17.00 x 9.50 m, за евакуација на поплавна вода и машинска сала со три генератора на левиот брег на реката. Непропусна преграда на браната го поврзува останатиот дел од преградата на левата страна, а на десната страна од браната се ослонува на десниот брег од реката.

Основни технички податоци:

Конструктивна висина на браната 19.5 m

Вкупна должина на круната на браната 225 m

ХЕ Дуброво 3

Преградата на ХЕ Дуброво 2 е лоцирана на Gaus-Kruger координати:

X - 4591517

Y 7597581

Котата на висока вода на ХЕ Дуброво 3 е 111.7 мнв, а на ниската вода е 117,7 мнв што е истовремено и нормална проектна кота на следката ХЕ Демир Капија 1. На следната слика е дадена мапа со општата позиција на ХЕ Дуброво 3.

Браната се состои од армиранобетонска секција со десет проточни полиња 17.00 x 9.50 m, за евакуација на поплавна вода и машинска сала со три генератора на левиот брег на реката. Непропусна преграда на браната го поврзува останатиот дел од преградата на левата страна, а на десната страна од браната се ослонува на десниот брег од реката. Хидроелектраната е всушност лоцирана на постоечка конструкција. Бидејќи објектот обезбедува само 1,3 метри врвна вода, а со цел да се реализира оваа хидроелектрана, потребни се сериозни градежни работи (армирање на темелите) како и рушење на постоечкиот преливен сегмент, ако е тоа потребно. Ќе

биде заменет со радијални затворачки сегменти. Исто така, постоечките радијални затворачи ќе бидат заменети.

Основни технички податоци:

Конструктивна висина на браната 16.5m

Вкупна должина на круната на браната 215m

- **АД МЕПСО (бр. 10-3969/1 од 20.06.2024)**

Во врска со вашето барање за мислење на постапка за изработување и одобрување Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3015/1, КО Неготино, општина Неготино, АД МЕПСО по разгледување на планската документација прикачена на системот на Е-урбанизам со број на постапка 62682, Ве известуваме дека:

1.Плански опфат на дел од КП 3038/1, КО Неготино, општина Неготино не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО (веќе потврдено со наш допис бр.11-7525/1 од 14.12.2023 год.) и по однос на овој дел од планската документација дава позитивно мислење.

2.Планскиот опфат на дел од КП 3099/1, КО Неготино, општина Неготино е пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО (веќе потврдено со наш допис бр.11-7520/1 од 14.12.2023 год.) и тоа: Пресек со постоен 110kV далекувод на АД МЕПСО, ТС Дуброво ТС Бучим Пресек со постоен 400kV далекувод на АД МЕПСО, ТС Дуброво ТС Штип

Во овој дел од планската документација констатираме дека:

- заштитните појаси на постоечките далекуводи се уредно вцртани односно 15м. лево и десно од оската на 400кV надземен вод односно 10м. лево и десно од оската на 110kV надземен вод согласно Член 224 од Мрежни правила за пренос на електрична енергија (Сл.весник на РСМ бр.4 од 10/01/2022год.).
- За да не дојде до нарушување на сигурноста во работењето на нашите објекти потребно е да се испочитуваат сите технички и безбедносни мерки согласно важечките закони и прописи во Р.С.Македонија. предвидени за градба во близина на високонапонски електроенергетски објекти, а особено да бидат запазени сигурносните растојанија пропишани со Правилникот за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Сл.весник на Р.Македонија 25/2019 од 01.02.2019). Поради тоа при изработка на основниот проект потребно е да се измери и скицира вертикалното безбедносно растојание т.е да се направи вертикална презентација профил на фактичка состојба) од тлото до најблискиот проводник на постоечките далекуводи по целата должина од пресекот со планскиот опфат, со цел да се запази нивелацијата на планираната инфраструктура до најблискиот проводник на далекуводот, односно да се запази вертикалното безбедносно растојание на далекуводот.
- Во графичкиот дел да се претстават постоечките столбни места, да се оформат посебни градежни парцели за постоечките столбните места кои се во планскиот опфат и истите да бидат изземени од планскиот опфат (за затезен столб за 400kV далекувод со димензии 14m * 14m, за носив столб за 400kV далекувод со димензии 12m* 12m, за затезен столб за 110kV далекувод со димензии 10m * 10m, за носив столб за 110kV далекувод со димензии 9m * 9m).
- Со оглед на тоа дека местоположба на овој плански опфат е во пресек со постоечки 400kV далекувод и постоечки 110кV далекувод на АД МЕПСО во детални услови за градба да е цитира член 183 од Правилникот за изградба на надземни

електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400кV (Сл.весник на Р.Македонија 25/2019 од 01.02.2019) и тоа:

За изградба на метални и жичени огради потребно е металните и жичените огради што се наоѓаат околу објекти во кои се задржуваат поголем број лица или служат за живеење не смеат да се поставувват во близина на челични или армиранобетонски столбови. Нивната оддалеченост мора да изнесува најмалку 0,7Un (см), но не помалку од 20cm, каде што Un е номинален напон во kV. За водови со номинален напон од 110кV и повеќе потребно е засметување или мерење на индукованите напони при нормален погон на далноводот. Ако индукованиот напон спрема земја е поголем од 65V мораат да се превземат посебни мерки на заштита (заземјување, галванско одвојување на делови од оградата, замена на оградата и слично). Ако заштитата се врши со заземјување отпорноста на заземјувањето не смее да биде поголема од 250. Сигурносната оддалеченост на водот од металните и жичени огради изнесува 3м.

- Согласно член 203 од Законот за Енергетика (Сл.весник на РМ бр.96 од 28.05.2018 год.), Сопственикот односно корисникот на земјиштетот е должен да дозволи / обезбеди премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање проектирање и изведување на работи за одржување и реконструкција на енергетски објекти како и вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште.

3.Планскиот опфат на дел од КП 3135/1 КО Неготино, општина Неготино се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО (веќе потврдено со наш допис бр.11-7521/1 од 14.12.2023 год.) и тоа:

- Пресек со постоен 110kV далекувод на АД МЕПСО, ТС Дуброво ТС Бучим

Во овој дел од планската документација констатираме дека:

- заштитните појаси на постоечките далекуводи се уредно вцртани односно 15м. лево и десно од оската на 400кV надземен вод односно 10м. лево и десно од оската на 110kV надземен вод согласно Член 224 од Мрежни правила за пренос на електрична енергија (Сл.весник на РСМ бр.4 од 10/01/2022год.).
- За да не дојде до нарушување на сигурноста во работењето на нашите објекти потребно е да се испочитуваат сите технички и безбедносни мерки согласно важечките закони и прописи во Р.С.Македонија. предвидени за градба во близина на високонапонски електроенергетски објекти, а особено да бидат запазени сигурносните растојанија пропишани со Правилникот за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Сл.весник на Р.Македонија 25/2019 од 01.02.2019). Поради тоа при изработка на основниот проект потребно е да се измери и скицира вертикалното безбедносно растојание т.е да се направи вертикална презентација профил на фактичка состојба) од тлото до најблискиот проводник на постоечките далекуводи по целата должина од пресекот со планскиот опфат со цел да се запази нивелацијата на планираната инфраструктура до најблискиот проводник на далекуводот, односно да се запази вертикалното безбедносно растојание на далекуводот.
- Со оглед на тоа дека местоположба на овој плански опфат е во пресек со постоечки 110kV далекувод на АД МЕПСО во детални услови за градба да е цитира член 183 од Правилникот за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Сл.весник на Р.Македонија 25/2019 од 01.02.2019) и тоа:

За изградба на метални и жичени огради потребно е металните и жичените огради што се наоѓаат околу објекти во кои се задржуваат поголем број лица или служат за живеење не смеат да се поставувват во близина на челични или армиранобетонски столбови. Нивната оддалеченост мора да изнесува најмалку 0,7Un (см), но не помалку од 20cm,

каде што Un е номинален напон во kV. За водови со номинален напон од 110кV и повеќе потребно е засметување или мерење на индукованите напони при нормален погон на далноводот. Ако индукованиот напон спрема земја е поголем од 65V мораат да се превземат посебни мерки на заштита (заземјување, галванско одвојување на делови од оградата, замена на оградата и слично). Ако заштитата се врши со заземјување отпорноста на заземјувањето не смее да биде поголема од 250. Сигурносната оддалеченост на водот од металните и жичени огради изнесува 3м.

- Согласно член 203 од Законот за Енергетика (Сл.весник на РМ бр.96 од 28.05.2018 год.), Сопственикот односно корисникот на земјиштетот е должен да дозволи / обезбеди премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи за одржување и реконструкција на енергетски објекти како и вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште.

По корекција на планската документација да се достави до АД МЕПСО се со цел да се произнесеме со соодветен предлог, забелешка или соодветно мислење.

- **МЕПСО (бр. 10-3969/3 од 27.06.2024)**

Во врска со вашето барање за мислење на постапка за изработување и одобрување Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3015/1, КО Неготино, Општина Неготино, АД МЕПСО по разгледување на планската документација прикачена на системот на Е-урбанизам со број на постапка 62682 и 63138, по разгледување на Вашето образложение Ве известуваме за следното:

1. За плански опфат на дел од КП 3038/1, КО Неготино, Општина Неготино кој не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО (веќе потврдено со наш допис бр.11-7525/1 од 14.12.2023 год.) по однос на овој дел од планската документација **дава позитивно мислење**.

2. За планскиот опфат на дел од КП 3099/1, КО Неготино, општина Неготино кој се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО (веќе потврдено со наш допис бр.11-7520/1 од 14.12.2023 год.) и тоа:

- Пресек со постоен 110kV далекувод на АД МЕПСО, ТС Дуброво - ТС Бучим
- Пресек со постоен 400kV далекувод на АД МЕПСО, ТС Дуброво - ТС Штип,

согласно доставеното Ваше образложение АД МЕПСО не се противи на Вашето барање и дава **условено позитивно мислење** во оваа фаза на постапката, каде потребно да важат следните ограничувања се согласно Законот за енергетика (Сл.Весник на РМ бр.96 од 28.05.2018год.) и тоа:

*Член 204 став 1 кој гласи: Сопственикот, односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи привремен премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на енергетски објекти, како и за вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште. Како и да ги почитува:

*Член 203, став 1: Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјишта под,над и покрај енергетските објекти,уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

* Мрежните правила за пренос на електрична енергија (Службен весник на Репиблика Северна Македонија со број 4/2022), *Член 224. Заштитен појас и (пропишани безбденосни растојанија), * “Правилник за изградба на надземни

електроенергетски водови со номинален напон од 1кV до 400кV (Сл. весник на Р.Македонија бр. 25/2019 og 01.02.2019)"
Член 130 и Член 183.
За да не дојде до нарушување на сигурноста во работењето на нашите објекти потребно е да се испочитуваат сите технички и безбедносни мерки согласно важечките закони и прописи во Р.С.Македонија. предвидени за градба во близина на високонапонски електроенергетски објекти, а особено да бидат запазени сигурносните растојанија пропишани со Правилникот за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од до 400кV (Сл.весник на Р.Македонија 25/2019 од 01.02.2019).
Поради тоа при изработка на Основниот проект согласно намената да се оформи пристапен пат за тековно одржување на далекуводите. Исто така потребно е да се измери и скицира вертикалното безбедносно растојание т.е да се направи вертикална презентација профил на фактичка состојба) од тлото до најблискиот проводник на постоечките далекуводи по целата должина од пресекот со планскиот опфат, со цел да се запази нивелацијата на планираната инфраструктура до најблискиот проводник на далекуводот, односно да се запази вертикалното безбедносно растојание на далекуводот.
По изготвување на основниот проект, истиот да се достави до АД МЕПСО на одобрување и добивање на конечно позитивно мислење пред отпочнување на било какви градежни активности на предвидениот опфат и погоренаведените катастарски парцели. Условното позитивно мислење потребно е да се цитира и во Посебни одредби за градба од проектната документација од овој Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13., каде АД МЕПСО не го третира и се оградува од секаков правен аспект за сопственоста на катастарските парцели составен дел на овој урбанистички план кој се простираат во граница на предметниот опфат.
Во случај на непочитување на погоренаведеното како и во случај на предизвикување на било каква штета по животната средина, имотот и луѓето, АД МЕПСО нема да сноси никаква одговорност, а во случај на настанување на било каква штета на електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на АД МЕПСО.
Со издаденото мислење Ве известуваме дека не се третира имотно правниот дел (сопственост, службеност итн.) и истото не може да биде третирано за таа намена. (Мислењето е издадено за услови, ограничувања согласно законските норми од технички аспект при приближување и планирање на опфат кон постоечка линиска инфраструктура на АД МЕПСО).

- **ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје(бр. 10-15/5-275 од 01.07.2024)**
  Во врска со Вашиот допис – Барање за мислење за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, на дел од КП 3099/1 и на дел од КП 3135/1, КО Неготино - општина Неготино , Ве известуваме дека немаме забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО мислење**.
  Напомена: Приклучувањето на објектот на дистрибутивната електроенергетска мрежа се врши во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

При планирање, согласно пресметките за потребната едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и сл. препорачуваме да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена, дефинирана градежна парцела.
Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.
Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.
Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје).

- **Јавно претпријатие за државни патишта (бр. 10-7951/2 од 25.07.2024)**
  Врз основа на Вашиот допис бр.0302/450/19 од 12.07.2024 год. кој се однесува за добивање мислење за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и Фотоволтаични електрани над 10MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино-Општина Неготино, Ве известуваме:
  Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-7951/1 од 23.07.2023 година:
  Комплет урбанистички проект.
  Од доставените и разгледани прилози констатирано е дека, по однос на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино-Општина Неготино, Јавното претпријатие за државни патишта нема забелешки и дава **позитивно мислење**, бидејќи предметниот проектниот опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

- **Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија (бр. 2001-2754/2 од 17.07.2024)**
  Во врска со Вашите дописи: бр. 0302/450/12 од 10.06.2024 год. со број на постапка 62682 од е-урбанизам; и бр. 0302/450/19 од 12.07.2024 со број на постапка 63619 од е-урбанизам со кое барате да Ви доставиме мислење за изработка на "Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, на дел од КП 3099/1 и на дел од КП 3135/1, КО Неготино - општина Неготино ", ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје, Ве информира следново:
  По разгледување на Вашето барање и приложениот урбанистички план констатиравме дека истиот е изработен согласно „Законот за железнички системи" (Сл. весник бр. 48/2010) и неговите измени и дополнувања.
  ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје **нема забелешки по истиот**.

- **Агенција за цивилно воздухопловство (бр. 12-8/539 од 11.06.2024)**
  Врз основа на вашето барање, Ве известуваме дека стручните служби на Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа изработената техничка документација:
  Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтични електрани над 10MW на дел од КП3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино, Општина Неготино изработен од ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје со тех.бр. 450/23 од јуни 2024 година, при што констатирано е дека забелешките дадени од наша страна со допис бр. 12-8/1706 од 11.12.2023 година, а кои се однесуваат на безбедноста на воздушниот сообраќај се запазени/вградени во доставената планска документација, врз основа на што издаваме **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај. Мислењето се издава врз основа на член 47 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ“ бр.32/20).

- **Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост (бр. 08-3202/2 од 11.06.2024)**
  Согласно вашето Барање мислење, ваш бр. 0302/450/12 од 10.06.2024 година, за изготвување на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW НА ДЕЛ ОД КП3038/1, 3099/1 И 3135/1, КО НЕГОТИНО - ОПШТИНА НЕГОТИНО. НОМАГАС АД Скопје ве известува дека дава **позитивно мислење**.
  НАПОМЕНА: Во близината на наведениот плански опфат проаѓа трасата на гасоводот делница Клечовце-Неготино-Кавадарци која е веќе изградена. Исто така ве известуваме дека 3,5 метри лево и десно од оската на гасоводот е извршена трајна експропријација. Потребно е да се придржувате согласно Правилникот за технички услови и нормативи кој ви е доставен со ПИМ. При отпочнување со градежни работи во заштитниот појас ве обврзуваме да повикате надзор од НОМАГАС АД Скопје.

- **Агенција за електронски комуникации (бр. 1404-2343/2 од 30.09.2024)**
  Согласно вашето барање за мислење, а во врска со изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино општина Неготино, ве изестуваме дека Агенцијата за електронски комуникации **нема забелешки** на доставениот Урбанистички план.

- **Македонски Телеком АД Скопје (бр. 62682 од 11.06.2024)**
  Согласно Вашето Барање за Мислење добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, на дел од КП 3099/1 и на дел од КП 3135/1, КО Неготино - општина Неготино , Ви доставуваме **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ**.

- **А1 Македонија ДООЕЛ Скопје(Бр. 11 3915/1 од 11-06-2024)**
  Во врска со Вашето барање за доставување на мислења од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 62682 креирано на 05.06.2024 година и наслов УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW НА ДЕЛ ОД КП3038/1, 3099/1 И 3135/1, КО НЕГОТИНО ОПШТИНА НЕГОТИНО доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека издаваме **позитивно мислење**.
  Напомена: Доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура А1 Македонија ДООЕЛ Скопје. Трошоците за дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура ги сноси инвеститорот на проектот.

- **Дирекција за заштита и спасување(бр. 09/3-73/2 од 25.06.2024)**
  Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12 - пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) а согласно член 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124/15) Дирекцијата за заштита и спасување Одделение за издавање на урбанистичка согласност при Секторот за превенција, планирање и развој во Дирекција за заштита и спасување Подрачно Одделение Неготино Ви го доставува следново МИСЛЕЊЕ за застапеноста на мерките за заштита и спасување во УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW НА ДЕЛ ОД КП3038/1, 3099/1 И 3135/1, КО НЕГОТИНО - ОПШТИНА НЕГОТИНО.
  Подрачното одделение за заштита и спасување од извршениот увид на поднесената проектна документација, констатира дека мерките за заштита и спасување во документацијата на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW НА ДЕЛ ОД КП3038/1, 3099/1 И 3135/1, КО НЕГОТИНО - ОПШТИНА НЕГОТИНО се вградени врз основа на што Дирекцијата за заштита и спасување дава **ПОЗИТИВНО мислење**.

- **Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост (бр. 40-5532/2 од 13.06.2024)**
  Во врска со вашето Барање на податоци под бр.0302/450/12 од 10.06.2024 година, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20), за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани над 10ММ на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино Општина Неготино, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Ве известува со следното:
  Согласно доставената документација и увидот во истата констатирано е дека:
  Предметното земјиште на КП 3038/1, КП 3099/1 и КП 3135/1, викано место Скрки, катастарска култура пасиште, катастарска класа 7 и 6 со Имотен лист бр.13 за КО Неготино се во приватна сопственост.
  Г9.3. Други факти има прибележување на КП 3135/1 ВРЕМЕНА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА.
